Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 03 - 1951**
**30.10.2019 година**

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 49 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година), Деканот на Факултетот ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за распишување избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје

### Член 1

Се распишуваат избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Изборите ќе се спроведат на 28.11.2019 година (четврток) во Предавална 1, во период од 10 до 14 часот.

### Член 2

Се именува Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание во следниот состав:

1. Проф. д-р Игор Улчар - претседател
2. Доц. Д-р Бранко Атанасов – член
3. Никола Гогу, студент – член
4. Неда Кузмановска, студент – член
5. Борис Димитриевски, студент – член.

### Член 3

Кандидирањето на членовите на Факултетското студентско собрание ќе биде на собири на студентите по години.

Право да се кандидираат и да избираат имаат сите студенти кои се запишани на студии во учебната 2019/2020 година и имаат запишан зимски семестар.

Собирите од став 1 на овој член ќе се одржат во периодот од 12-14 часот на:

- 11.11.2019 година за прва година,
- 12.11.2019 година за втора година,
- 13.11.2019 година за трета година,
- 14.11.2019 година за четврта година,
- 15.11.2019 година за петта и шеста година и студентите од трет циклус.

За утврдени кандидати за членови на Факултетското студентско собрание се сметаат оние студенти кои добиле најмногу гласови.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

**Член 4**

Факултетското студентско собрание има 12 членови и тоа по години:

-2 од прва година,
-2 од втора година,
-2 од трета година,
-2 од четврта година,
-2 од петта година,
-2 од шеста година.

**Член 5**

Кандидирањето на претседател е лично преку поднесување на кандидатура на која даваат поддршка најмалку 20 редовни студенти од Факултетот.

За претседател може да се кандидира редовен студент кој запишал зимски семестар во учебната 2019/2020 година и ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

Кандидатурата заедно со потписите за поддршка од студентите се поднесува најдоцна до 20 ноември 2019 година до Изборната комисија преку архивата на Факултетот.

**Член 6**

Се задолжува изборната комисија од член 2 на оваа Одлука, изборите за членови и за претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Факултетот.

Комисијата од став 1 на овој член донесува Упатство со кое се утврдува начинот на работа, изгледот на гласачкото ливче, образецот на записникот, начинот на предлагање на кандидати, начинот на гласање и пребројување на гласовите, објавување на резултатите од гласањето, соопштенијата и сл., чување и увид во изборната документација, како и други прашања поврзани со постапката за организирање и спроведување на изборите.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на веб страната на Факултетот, студентската огласна табла и се доставува електронски до студентите на Факултетот.

Декан
Проф. д-р Лазо Пендовски



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk